2

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈУ Детски дом „11 Октомври"
IP Shtëpia e Fëmijëve „11 Tetori"
Бр.-Nr. 04-624/16
22-12 20 23 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 188 став 6 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ број 104/19,
146/19,275/19,бр302/20ибр.311/20), член 23 став4 од Законот за работни односи (Службен весник на
РМ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13,
170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18, 110/19, број 267/20) а во врска со
член 20-д од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен весник на РМ број 27/2014, 199/2014,
27/16, 35/18, 198/18 и 143/19 и број14/20) ВД Директорот на ЈУ Детски дом 11 Октомври - Скопје,на
ден 22.12.2023 година , - ја донесе следната

## ***ОДЛУКА***

**за избор на кандидат за вработување на неопределено време,- по Оглас број 02/2023**

1.За работно место ВОЗАЧ – шифра на работно место СОЗ0403А01001- , помошно техничко лице од
прво ниво во Дел за помошно технички работи во Оддел за административни и помошно технички
работи,(1)еден извршител се избра следниот ( единствениот ) кандидат: МИЛАН САРЏОСКИ
2.По конечноста на одлуката,со избраниот кандидат од точка еден на оваа одлука ќе се склучи
Договор за вработување на неопределено време за работното место за кое е избран.
3.Донесената одлука ќе биде објавена на огласна табла и на интернет страница на ЈУ Детски дом 11
Октомври Скопје .
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

ВД Директорот на ЈУ Детски дом 11 Октомври – Скопје, постапувајќи согласно своите надлежности и ингеренции
утврдени во Законот за социјалната заштита и во Статутот на ЈУ Детски дом 11 Октомври - Скопје,согласноОдлуката за
пополнување на слободно работно место на возач по пат на објавување на јавен оглас (Одлука број 04-610/2 од 14.12.2023
година) на ден 15.12.2023 година во дневните весници Нова Македонија и Коха објави јавен оглас број 02/2023 за
вработување на еден извршител за работното место возач на неопределено време.

Согласно своите законски надлежности, ВД Директорот формира Комисија за селекција за вработување по
наведениот оглас. Комисијата за селекција во функција на спроведување на постапката по објавениот јавен оглас
број02/2023 , ја спроведе постапката во две фази:администратина селекција и интервју за наведеното работно место. По
завршената административна селекција и интервју, Комисијата достави Записник од извршена селекција и интервју број
04-624/11 од21.12.2023 година , Ранг листа број 04-624/13 од 21.12.2023 година и Предлог кандидат за вработување број
04-624/14 од 21.12.2023 година, до ВД Директорот на Установата.

Врз основа на ранг листата изработена согласно член 20-д од Законот за вработени во јавниот сектор, согласно
Годишниот план за вработување на Установата за 2023 година ,и балансерот по етничка припадност,ВД Директорот на
Установата , изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука, односно го прифати Предлогот на Комисијата за
кандидатот кои ги помина административната селекција и интервју.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднсесе жалба до Државната комисија за
одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена по
приемот на оваа одлука.

ВД Директор
Соња Стамевска

**Одлуката да се достави до:**

- Избран кандидат
- досие, архива
-огласна табла, веб страна